Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# П Р А В И Л Н И К
за дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии

Скопје, ноември 2015 година

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14 и 199/14), Заменик Претседателот на Влада и Министер за финансии, донесува

# ПРАВИЛНИК
## за дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии

### Член 1

Со овој правилник се врши дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии број 01-7191/2 од 24.04.2015 година, број 01-7191/5 од 13.05.2015 година, број 01-7191/7 од 11.06.2015 година, број 01-7191/8 од 18.06.2015 година, број 01-7191/9 од 24.06.2015 година, број 01-7191/12 од 16.07.2015 година, број 01-7191/14 од 23.09.2015 година и број 01-7191/16 од 20.10.2015 година и тоа:

Во членот 12 од Правилникот по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„ Во Министерството за финансии се утврдуваат 3 кабинетски службеници за прашања поврзани со дополнителниот заменик на министерот.“

### Член 2

Во членот 13 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„ Во Министерството за финансии се утврдуваат 3 посебни советници за работи поврзани со дополнителниот заменик на министерот.“

### Член 3

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, по работното место со реден број 7, се додава ново работно место 7-а кое гласи:

| | |
|---|---|
| Реден број | 7-а |
| Шифра | |
| Ниво | |
| Звање | |
| Назив на работно место | Кабинетски службеник за прашања поврзани со дополнителниот заменик на министерот |
| Број на извршители | 3 |
| Одговара пред | |
| Вид на образование | |
| Други посебни услови | |

| | |
|---|---|
| Работни цели | вршење на работи кои се во врска со надлежностите на дополнителниот заменик на министерот |
| Работни задачи и обврски | – ги средува и ги комплетира материјалите за прием, разгледување и доставување на потпис до дополнителниот заменик на министерот;<br>– прием, подредување и водење евиденција на материјалите;<br>– водење евиденција за поштата на дополнителниот заменик на министерот;<br>– активности поврзани со протокол кои се однесуваат на дополнителниот заменик на министерот;<br>– организирање и закажување состаноци и приеми кај дополнителниот заменик на министерот;<br>– вршење на други тековни работи поврзани директно со работењето на дополнителниот заменик на министерот. |

Член 4

Овој Правилник за дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација, до изборот на Влада по завршувањето на предвремените парламентарни избори во 2016 година.

Број 01- 7191/18
23 -11- 2015 година
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ IV СКОПЈЕ

Зоран Ставрески
Заменик Претседател на Влада и
Министер за финансии

Изработил: Верица Стоилова
Проверил: Михајло Михајловски
Одобрил: Гордана Сусулеска Итиќ
Согласен: Игор Димитров